**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5439 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 до 31 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во десетте изданија на Вестите од 19.00 часот, се емитувани вкупно 4 часа 13 минути и 33 секунди прилози кои се предмет на методолошка обработка. Речиси целокупното време на анализираните вести, поточно 4 часа 10 минути и 43 секунди, го сочинуваат претежно информативните жанрови - вест, вест во

низа, извештај, извештај со коментар, изјави (Табела 1). Емитуван е еден новинарски осврт, со траење од 2 минути и 50 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Алсат М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Специјално обвинителство | 00:12:29 | 4,98 | % |
| Влада на РМ | 00:34:07 | 13,61 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:43 | 1,48 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:20:43 | 8,26 | % |
| Други субјекти | 00:32:42 | 13,04 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:12:17 | 4,90 | % |
| Граѓански сектор | 00:12:12 | 4,87 | % |
| Без субјекти | 00:31:11 | 12,44 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:20:17 | 8,09 | % |
| Локална самоуправа | 00:10:10 | 4,06 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:15 | 0,10 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:59 | 1,19 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:47 | 2,71 | % |
| СДСМ | 00:03:33 | 1,42 | % |
| ДИК и други органи | 00:19:45 | 7,88 | % |
| Јавно обвинителство | 00:03:44 | 1,49 | % |
| Судство | 00:07:14 | 2,89 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:59 | 3,18 | % |
| Унитети | 00:01:22 | 0,55 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:27 | 0,18 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:01 | 0,41 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:27 | 0,18 | % |
| ФРОДЕМ | 00:01:01 | 0,41 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:27 | 0,18 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:50 | 0,33 | % |
| Привремена комисија | 00:00:47 | 0,31 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:02 | 0,41 | % |
| Левица | 00:00:36 | 0,24 | % |
| Беса | 00:00:36 | 0,24 | % |
| | **Вкупно: 04:10:43** | 100 | % |

Трите првозастапени субјекти зафаќаат безмалку 40% од вкупното време на анализираните прилози во вестите на ТВ Алсат М. Имаат двоцифрена процентуална застапеност, а тука припаѓаат: „Влада на РМ“ (13.61%), „Други субјекти“ (13.04%) и оние методолошки класифицирани како „Без субјекти“ (12.44%).

Со застапеност од 34 минути, условно најзастапена, но не толку доминантна како во претходниот извештаен период е Владата на РМ. Во најчест случај станува збор за известувања за активностите на владините претставници како дел од нивните редовни активности. Неколку настани се заслужни за високата позиционираност на субјектот Влада во вестите на ТВ Алсат М. Според зачестеноста на прилозите станува збор за настаните поврзани со Управата за безбедност и контраразузнавање, како дел од МВР, во врска со одлуката да не им се дозволи влез во оваа институција на извршителите на Специјалното јавно

обвинителство, како и за настаните на релација УБК – СЈО – фирма Ериксон. Медиумот известуваше и за активностите на судот во врска со случајот „Тендер", покренат од СЈО, кој се води против министерката за култура, Елизабета Канчевска Милевска, при што информираше за случувањата и ги пренесуваше ставовите на засегнатата страна. Неколку настани, директно или индиректно поврзани со сферата образование (ревизорскиот извештај за финансиските злоупотреби во Министерството за образование, немањето унифициран буквар на албански јазик, почетокот со работа на универзитетот „Мајка Тереза") придонесуваат во прилозите на телевизијата да се зборува за ресорното министерство, или е отстапен простор за директен пристап до публиката на претставници на Министерството, да ги изнесат своите ставови во врска со посочените настани. Телевизијата продолжува да се занимава со обештетувањето на граѓаните зафатени со поплавите во скопско, при што се повикува и на информациите од владината комисија за обештетување. За застапеноста на Владата како субјект придонесуваат и ред други настани за коишто информира медиумот (групните вработувања според Рамковниот договор, недостаток од вакцини против сезонски грип, изградбата на Театарот на етничките заедници и улогата на Министерството за култура, систематизација на администрацијата, можности за реформи на пензискиот систем, ставовите на Министерството за финансии во врска со јавниот долг и заштедите на граѓаните во банките итн). Владата е присутна и преку информациите за наводите за сообраќајни инциденти предизвикани од дополнителниот заменик-министер, Диме Спасов со службено возило на Агенцијата за вработување. Медиумот известуваше за сите случувања поврзани со овој настан, притоа пренесувајќи информации од повеќе засегнати страни (Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, дополнителниот заменик-министер).

Со застапеност од безмалку 33 минути (речиси колку и „Влада на РМ"), следуваат субјектите кодирани како „Други субјекти". Во овој шести по ред извештаен период, оваа категорија ја претставуваат следниве чинители: Универзитет „Мајка Тереза", Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Стопанска комора на РМ, компанија „Ериксон", Народен правобранител, Стопанска комора на лекарите, Државна комисија за спречување корупција, клиника „Филип Втори", Народна банка на РМ, Исламска верска заедница, Алкалоид, Југохром, компанија „Џеваир Холдинг", адвокати, издавачи, универзитетски професори, доктори, актери итн.

Според одвоеното време во вестите следува категоријата „Без субјекти" која произлегува од прилози во кои носители на дејството се граѓаните или пак во најчест случај за нив се зборува. Станува збор за прилози во коишто медиумот информира за проблемите на граѓаните поврзани со последиците од поплавите во скопско, протестите на жителите од Доброште против изградба на хидроцентрала, испораката и високите цени на огревното дрво, инфраструктурните проблеми во село Слупчане и во делови од Велес и Куманово, населени со албанско население, проблеми со превозот на учениците од Струга итн. За дел од настаните што се случија во извештајниот период (почеток на вакцинирање од сезонски грип, саем на книгата во Тетово, загадувањето на Тетово од комбинатот Југохром, сообраќајните инциденти на дополнителниот заменик-министер Спасов и др.), медиумот преку анкетите со граѓаните, го пренесе ставот на јавноста за посочените настани.

Со застапеност од по 8% (по околу 20-тина минути) следува вториот сет субјекти, исто така составен од три чинители: „Експерти/аналитичари", „Органи на државна управа/јавни претпријатија", „ДИК и други органи". Застапеноста на субјектот Експерти/аналитичари, според времето, е на ниво од претходниот извештаен период. Медиумот продолжува, за важните општествено-политички случувања, да го пренесе и ставот на експертите/аналитичарите што ги опсервираат секојдневно тие настани.

Застапени се вкупно 13 политички субјекти во прилозите на телевизијата. Најспоменувана во овој извештаен период е ДУИ, пред се поради ревизорскиот извештај поврзан со финансиските трошења во Министерството за образование од страна на поранешниот министер Абдулаќим Адеми, член на ДУИ. Според временската присутност следуваат: ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ДПА, Унитети, ФРОДЕМ, Демократски сојуз, ДПА-ДР, Левица, Беса, ВМРО НП, Обединети за Македонија и Достоинство.

Емитуван е еден новинарски осврт, под наслов „Сончев град се гради – СЈО истражува" (трае 2 минути и 53 секунди).

Медиумот продолжува, дел од настаните за коишто известува, критички да ги опсервира, притоа држејќи се до професионалните новинарски стандарди, без употреба на негативен тон и негативно врамување.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Алсат М | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:17 | 2,13 % |
| Специјално обвинителство | 00:01:42 | 2,82 % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:56 | 18,13 % |
| Граѓански сектор | 00:06:55 | 11,47 % |
| Влада на РМ | 00:05:56 | 9,84 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:10 | 8,57 % |
| Други субјекти | 00:08:50 | 14,64 % |
| Локална самоуправа | 00:02:24 | 3,98 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:47 | 6,27 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:25 | 0,69 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:18 | 2,16 % |
| ДИК и други органи | 00:07:18 | 12,10 % |
| СДСМ | 00:01:34 | 2,60 % |
| Унитети | 00:00:40 | 1,11 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:20 | 2,21 % |
| Судство | 00:00:16 | 0,44 % |
| Левица | 00:00:15 | 0,41 % |
| Беса | 00:00:16 | 0,44 % |
| | Вкупно: 01:00:19 | 100 % |

Со двоцифрена процентуална застапеност кај директните обраќања се субјектите „Експерти/аналитичари", оние кодирани како „Други субјекти", „ДИК и други органи", „Граѓански сектор", а тука може да се рече припаѓа и „Влада на РМ", коишто заедно заземаат повеќе од една половина од времето на директните обраќања. И во овој извештаен период, како и во претходниот, најголем простор е остапен за директните обраќања на категоријата „Експерти/аналитичари".

***Посебни информативни емисии***

*Дебатни емисии*

Во анализираниот период од 22 до 31 октомври 2016 година, на програмата на ТВ Алсат М се емитувани вкупно четири премиерни дебатни изданија, две на емисијата „360 степени" и по едно на емисиите „Патот кон" и „200". Емитувани се и 4 репризи, три се однесуваат на изданијата на емисијата „Патот кон", а едно на емисијата „200".

На 24 октомври е емитувана првата дебатна премиерна емисија во рамки на шестиот извештаен период. Станува збор за емисијата „360 степени" во којашто гостуваат поранешниот директор на УБК, Горан Митевски и поранешниот пратеник од редовите на СДСМ, Јани Макрадули. Темите за коишто се разговараше

беа поврзани со настаните коишто во изминатиот период се одвиваа на релација УБК – Специјално јавно обвинителство.

На 25 октомври гости во емисијата „200" беа универзитетските професори, Љубомир Фрчковски и Веби Бецети. Темите што доминираа во разговорот повторно беа поврзани со настаните на релација УБК – СЈО и улогата што ја имаат албанските функционери во истите. Емисијата е репризирана на 30 октомври.

Единственото премиерно издание на емисијата „Патот кон" во овој извештаен период, е емитувано на 27 октомври. Работата на Специјалното јавно обвинителство беше доминантната тема на која се дискутираше и во оваа дебатна емисија. Своите ставови ги изнесоа адвокатот Александар Тортевски, професорката Арта Билали и аналитичарот Сотир Костов. Емисијата е два пати репризирана, во раните утрински часови на 28 октомври и на 29 октомври.

Последното премиерно издание се однесува на емисијата „360 степени", емитувано на 31 октомври. За моралната и политичката одговорност на нашите политичари, по повод настаните поврзани со дополнителниот заменик-министер за труд и социјална политика, Диме Спасов, во студиото на ТВ Алсат М дебатираа Маја Петрушевска, поранешен новинар во ББС, Дејан Донев, универзитетски професор, Петар Арсовски, комуниколог/аналитичар и Андреја Стојковски од Македонскиот центар за европско образование.

Во овој извештаен период, на 22 октомври, беше емитувано и едно репризно издание на емисијата „Патот кон", премиерно емитувано на 20 октомври, во рамки на претходниот, петти по ред извештаен период. Во емисијата гостуваа Луан Треси од ДПА, Едмонд Адеми од СДСМ и Арбер Адеми од ДУИ.

*Интервјуа*

Вкупно се емитувани две интервјуа, по едно во рамки на емисиите „Економски магазин" и „360 степени".

Гостин во изданието на „Економски магазин" од 27 октомври беше директорот на Канцеларијата на Светска банка во Македонија, Марко Мантовани, а се разговараше за економските прогнози на оваа институција поврзани со нашата земја.

На 28 октомври беше емитувано второто интервју регистрирано на програмата на ТВ Алсат М во овој извештаен период, во рамки на емисијата „360 степени". За работата на Основниот суд Скопје 1 и за работата на неговиот претседател Владимир Панчевски, водителот Васко Попетревски разговараше со новинарот Љубиша Станковиќ.

***Сектор за програмски работи***